РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО
Број: 11-1801/1 од 17.07.2026 год.
Чучер – Сандево

До
Друштво за трговија и услуги БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје
ул. Бул. Илинден бр. 107/13 Скопје, Р.Македонија

ПРЕДМЕТ: **ПОТВРДА ЗА ОДОБРУВАЊЕ** на урбанистички проект

По барањето за одобрување на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.1 – згради од лесната градежна индустрија, на КП 2871 И КП 2872, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со** тех.бр. **0801-598/24 од АВГУСТ 2025 година**, број на постапка **71233**, а поднесено од **Друштво за трговија и услуги БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје**, во име на инвеститорот **ЕДОНА-ББ ДООЕЛ САРАЈ СКОПЈЕ,** а врз основа на Член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) и во склад со Член 9 од Правилникот за начинот на спроведување на постапката за изработување и донесување на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко - плански документации и урбанистичко – проектни документации во електронска форма (Службен весник на Република Македонија, број 111/15 и 142/17), се издава следната

П О Т В Р Д А

за одобрување на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.1 – згради од лесната градежна индустрија, на КП 2871 И КП 2872, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево.** Урбанистичкиот проект е доставен преку информацискиот систем е-Урбанизам во „УП – член 58 став 6" постапка **71233**, креирана на 05.05.2025 година.

Изработен од: **Друштво за трговија и услуги БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје**
Технички број: 0801-598/24 од Август 2025 година
Датум на финално изработен УП: Август 2025 година, доставен на 29.09.2025 година

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Општина Чучер-Сандево постапи по барањето за одобрување на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.1 – згради од лесната градежна индустрија, на КП 2871 И КП 2872, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево**, бр.на постапка **71233** во системот е-урбанизам креиран на 05.05.2025 **година**, со технички број 0801-598/24 од Август 2025 година, поднесено од Друштво за трговија и услуги БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје, во име на инвеститорот **ЕДОНА-ББ ДООЕЛ САРАЈ СКОПЈЕ.**

Комисијата за урбанизам на Општина Чучер Сандево формирана со Решение со бр. 09-294/1 од 06.02.2026 година, по извршен увид во предметниот урбанистички проект и пратечката документација се произнесе со Мислење со бр.11-1082/9 од 19.09.2025

година и Заклучок со бр. 11-1082/10 од 30.09.2025 година, во кое:

- потврди дека Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план е изработен во согласност со Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) и Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25 и 143/25) и даде позитивно мислење

Засновајќи се на ова Мислење:

- Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево констатираше дека **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.1 – згради од лесната градежна индустрија, на КП 2871 И КП 2872, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево**, со технички број 0801-598/24 од Август 2025 година, ги исполнува условите за издавање на Потврда за одобрување на предметниот Урбанистички проект.

Изработил:
Никола Лазаревски диа

Градоначалник на
Општина Чучер-Сандево
Зоран Бајовски